Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

2025

Извадок на ден од дневните настани 23.01.2025

На 22.01.2025 во 12.00 часот на улица „Питарница 6" во Гостивар, полициски службеници од ОВР Гостивар го лишиле од слобода Б.Ф.(68) од Гостивар поради основи на сомнение дека на 21.01.2025 извршил кривично дело „кражба", при што одзел повеќе предмети од објект во изградба во Гостивар. Кај него биле пронајдени одземените предмети и биле вратени на сопственикот. Б.Ф. бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе следува соодветен поднесок.

На 22.01.2025 во 14.00 часот, полициски службеници од ОВР Кавадарци го лишиле од слобода В.Ј.(50) од Кавадарци. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени 239 семки за кои постои сомнение дека се од растението канабис и дигитална вага. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.01.2025 во периодот од 20.30 до 20.55 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници од ОВР Гостивар, во содејство со полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција - Сектор за општ и насилен криминал извршиле претрес во простории кои ги користи С.А.(22) во с.Врапчиште, гостиварско, а се сопственост на Ш.А.(20) од с.Врапчиште, кој се наоѓа надвор од државата, поради основано сомнение за сторено кривично дело „кажење на животни" по член 233 од Кривичниот законик. При претресот биле пронајдени четири кучиња - три од раса „питбул" и едно куче од раса „доберман", кои биле користени за борба на кучиња. Со С.А. бил извршен службен разговор во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе следува соодветна пријава.

На 22.01.2025 во 21.20 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода В.М.(18) и А.Д.(23), двајцата од Крива Паланка, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.01.2025 во 21.40 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје, го лишиле од слобода Б.А.(23) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.01.2025 во 20.20 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје, го лишиле од слобода П.Р.(32) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.01.2025 во 21.10 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.А.(30) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.01.2025 во 10.15 часот во Скопје, на подрачјето на Драчево, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода К.В.(33) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (23.01.2025) во 01.30 часот во Скопје, на подрачјето на Чаир, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода З.Б.(49) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.01.2025 во 17.25 часот на „Н„Наум Наумовски Борче" во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода Г.Ј.(33) од Битола, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на настанот против него ќе следува соодветен поднесок.

На 22.01.2025 во 18.40 часот на ул.„Кланица" во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода Ј.Д.(21) од Битола, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на настанот против него ќе следува соодветен поднесок.

На 22.01.2025 во 18.20 часот во Штип, полициски службеници од Мобилната единица за компензаторни мерки при Одделот за гранични работи и миграции го лишиле од слобода Д.М.(33) од Штип, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.01.2025 во 11.55 часот на Граничниот премин Блато, на влез во државата, полициски службеници го лишиле од слобода Е.О.(23) од Република Турција, затоа што при извршена контрола било констатирано дека возачката дозвола што ја дал на увид била фалсифицирана. Тој бил предаден на Одделението за прекугранично криминал и миграции-Дебар за понатамошна постапка.

На 22.01.2025 околу 20.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автопатот - обиколница на град Скопје, во близина на клучка Смилковци, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од К.С.(54) од с.Арачиново, скопско, патничко возило „хјундаи" со косовски национални ознаки, управувано од Б.Б.(54) од Косово, патничко возило „бмв" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Д.(27) од с.Радишани, скопско, товарно возило „сканиа" со приколка со бугарски национални ознаки, управувано од Д.Д.В.(55) од Бугарија и паркиран автобус „саносс" со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот К.С., додека со помалеми повреди се здобиле возачите Б.Б. и М.Д., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" во Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Скопје.

На 22.01.2025 околу 17.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во населба Скопско Поле, скопско, патничко возило „рено лагуна" со скопски регистарски ознаки, управувано од В.К.(60) од Скопје, удрило во малолетен пешак од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила малолетничката, констатирана во Комплекс клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Скопје.

На 22.01.2025 во 10.10 часот во ОВР Гостивар, Ц.С.(58) од с.Горна Бањица, гостиварско, пријавил дека на улица „НА" во Гостивар бил каснат од куче скитник.

На 22.01.2025 во 16.40 часот во СВР Битола, И.Р.(37) од Битола пријавил дека на ул. „16" во Битола, неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 22.01.2025 во 17.10 часот во СВР Битола, А.А.(60) од Битола пријавила дека на ул. „16" во Битола била касната од куче скитник.

На 22.01.2025 во 18.15 часот на автопатот Табановце - Куманово, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Сопот при Регионалниот центар за гранични работи Север го лишиле од слобода З.Д.(44) од Велес, кој бил затекнат како во патничко возило „ситроен" со кичевски регистарски ознаки, кое го управувал, качувал три лица мигранти, од кои двајца од Непал и еден од Индија. Мигрантите биле сместени во Транзитен центар Табановце, а по целосно документирање на случајот, против З.Д. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.01.2025 во 06.40 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Е.И. (28) од селото Отља, општина Липково. Тој се сомнича дека со закана со огнено оружје одзел пари од такси возачот М.П.(45) од Куманово, кој го превезувал од Куманово до с.Отља. Е.И. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 22.01.2025 во 16.00 часот, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода Р.К.(43) од село Отља, општина Липково и Р.И.(34) од село Липково. При претрес во нивните домови, извршени со судска наредба, биле пронајдени марихуана, дигитални ваги и дробилка. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против них ќе следуваат соодветни пријави.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.Р.(44) од Вевчани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата". Пријавениот, вработен лекар во ЗУ „Општа болница" во Охрид, не ја исполнил својата законска обврска за продолжување на лиценцата за работа со важност од 28.02.2015 до 28.02.2022 и продолжил со работа без да поседува лиценца за работа. Истоверено, тој примал редовен месечен надоместок за плата и други додатоци, со што ја оштетил Завната здравствена установа.

На 22.01.2025 во 14.00 часот во казино во струшкото село Велеште, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при ОВР Струга го лишиле од слобода Д.М.(37) од струшкото село Лабуништа, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.01.2025 во 16.40 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода В.Д.(69) од село Клечовце, општина Старо Нагоричане. Тој се сомнича дека претходно во село Клечовце со остар предмет го нападнал Д.Ј.(33) од истото село и му нанел уводна рана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 22.01.2025 во 17.30 часот во СВР Скопје, 40-годишна жена од Скопје пријавила дека на 16.01.2025 во семејниот дом била физички нападната од нејзиниот сопруг Н.С.(40) од Скопје. Со него бил извршен службен разговор и по целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.01.2025 во 13.00 часот во СВР Скопје, 37-годишен маж од Скопје пријавил дека на подрачјето на Карпош, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од Ј.Н. и В.Н., родители на неговата сопруга. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.01.2025 во 23.40 часот во СВР Велес- ОВР Кавадарци, Д.Т. од Кавадарци пријавила дека во станот во кој живее во Кавадарци, ја пронашла починатата, со повреди по телото, нејзината мајка С.С.С.(52) од Кавадарци. Лекар од болницата во Кавадарци констатирал смрт, а увид на местото извршиле увидна екипа од ОВР Кавадарци и јавен обвинител од ОЈО Кавадарци, по чија наредба телото било дадено на обдукција. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.01.2025 во 15.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на општина Аеродром, С.А.(32) од Скопје бил физички нападнат од неколку лица, кои употребиле и тврди предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.01.2025 во 23.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на пат од село Катлановско Блаце кон село Бадар, општина Петровец, било оложено патничко возило „волво" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Ј.В.(61) од Скопје. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 23.01.2025 во 05.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека во текот на ноќта, со употреба на сила, било влезено во објект на правен субјект на подрачјето на Чаир и биле одземени пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.01.2025 во 21.30 часот во СВР Скопје, Ш.Т.(59) од Скопје пријавила дека околу 20.40 часот на подрачјето на Чаир, едно лице со употреба на физичка сила и одзело паричник со пари и лични документи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.01.2025 во 09.10 часот во СВР Скопје, од Итна медицинска помош Скопје било пријавено дека во семејна куќа на подрачјето на Шуто Оризари лекар констатирал смрт кај тринесечно машко бебе. По наредба на јавен обвинител, телото на бебето било предадено на обдукција. Извршен бил увид од јавен обвинител и увидна екипа од СВР Скопје.

На 22.01.2025 во 18.00 часот во Полициската станица Велес, А.Ж (62) од Велес пријавил дека на улица „Алеко Демниевски Баумак" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 22.01.2025 во 18.40 часот во Полициската станица Велес, В.Ѓ.(76) од Велес пријавил дека на улица „Благој Ѓорев" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 22.01.2025 во 20.00 часот во Полициската станица Велес, Т.П.А.(64) од Велес пријавил дека на улица „Благој Ѓорев" во Велес бил каснат од куче скитник.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против К.М.(32) поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „загрозување на сигурност" и „неизвршување судска одлука". Пријавениот испракал заканувачки пораки на неговата поранешна сопруга и не се придржувал кон мерките изададени од Основен суд Куманово за посета на неговото неколкумесечно бебе.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Д.С.(45) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје и експлозивни материи ". На 09.09.2024 на магистрален пат Кичево - Охрид, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „ауди", управувано од пријавениот, при што биле пронајдени и одземени малокалибарска пушка и куршуми за пушката.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против В.О.(20) поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или експлозивни материи". На 30.12.2024 во с.Матејче, општина Липково, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што биле пронајдени и одземени пиротехнички средства.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.М.(47) од с.Шемшово, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „лажно пријавување" во врска со кривично дело „грабнување". На 09.04.2024, пријавениот лажно пријавил дека во село Шемшово четири лица насилно го внеле во патничко возило, го одвеле во С.Грчец, физички го нападнале, му барале пари, а потоа го оставиле во с.Добарец.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет